РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Бр. / Nr. 02-2043/4
02.05 2024 год. / v.
СКОПЈЕ / SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 19-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 25.04.2024 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Емилија Јаневска, м-р Емилија Петреска Камењарова, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни преку видео конференциска врска:** Драгана Велјановска од набљудувачката мисија на Канцеларијата за демократски институции и човекови права ОБСЕ (ОДИХР).

Г-дин Петрушевски ја отвори 19-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 20:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за“, го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 18-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 23.04.2024 година.
2. Предлог-упатство за измена и дополнување на Упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024.
3. Предлог за поведување прекршочна постапка против ТРД „КЛАН МАЦЕДОНИА“ ДООЕЛ експорт-импорт – Сарај, Скопје за прекршување на член 76-б од Изборниот законик.
4. Разно.

Точка 1

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 18-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 23.04.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи предложеното Упатство за измена и дополнување на Упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024. Потсети дека на претходните седници најавил дека ова Упатство ќе подлежи на измени и дополнувања, и во таа насока објасни дека ова е втората и последна измена на документот, чија што клучна улога има платеното политичко рекламирање (ППР) за време на изборите 2024 година. Во постојното Упатство со внимателно читање јасно ќе се забележи по колку време кандидатите треба да добијат за ППР, но бидејќи денес имаше голем број јавувања од страна на радиодифузерите за тоа колку во вториот круг за Претседателски избори треба да одвојат за ППР, и за да не се доведат радиодифузерите во ситуација да не го разбрале Законот, во Упатството најексплицитно се врши измена и се посочува дека секој од кандидатите што учествуваат во вториот круг за Претседателски избори има максимално време од 4 минути во еден реален час. Согласно ова дополнување и другите делови од Упатството се прилагодени на двата кандидати кои влегуваат во вториот круг на изборната кампања, како начинот на известување на јавниот сервис и нивното бесплатно претставување.

Г-дин Петрушевски рече дека оваа измена е всушност последната верзија на Упатството и се изјасни дека ќе ја поддржи.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Упатството за измена и дополнување на Упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024, со текст како што беше предложено.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Упатството, да го објави на веб страницата на Агенцијата и да го достави до радиодифузерите и другите заинтересирани страни.

Да се изработи пречистен текст на Упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за поведување прекршочна постапка против ТРД „КЛАН МАЦЕДОНИА“ ДООЕЛ експорт-импорт – Сарај, Скопје за прекршување на член 76-б од Изборниот законик. Објасни дека на 23 април на ТВ Клан е емитувана дебатна емисија, а пред дебатата имаше снимки од обраќања на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Христијан Мицкоски и на претседателот на ДУИ Али Ахмети кои се директно вклучени во изборниот процес. Согласно Изборниот законик, за време на молкот не е дозволено да се пренесуваат изјави, да се објавуваат снимки од учесници во изборниот процес, носители на јавни функции, функции во власта или во политичките партии. Објасни дека од прегледаните снимки, службата констатирала

дека е очигледна намерата за прекршување на изборниот молк, најверојатно со давање на предност на одредена политичка опција. Како што се сеќава ваков чин за време на изборен молк се нема случено можеби од организирање на првите демократски избори во Република Македонија.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) над изборното медиумско претставување бр.10-2054/1 од 25.04.2024 на ТРД „КЛАН МАЦЕДОНИА“ ДООЕЛ експорт-импорт – Сарај, Скопје и утврди прекршување на член 76-б став 3, а во врска со член 69-а став 2 од Изборниот законик.

Советот едногласно заклучи против ТРД „КЛАН МАЦЕДОНИА“ ДООЕЛ ЕКСПОРТ-ИМПОРТ – САРАЈ, СКОПЈЕ да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со надзорот е констатирано дека спротивно на член 76-б став 3 а во врска со член 69-а став 2 од Изборниот законик, на 23 и 24 април 2024 година при известувањето за време на изборниот молк за првиот круг од изборната кампања за Претседателските избори 2024 година, во повеќе свои програми/содржини емитуваше информации и аудиовизуелни материјали поврзани со или во кои учествуваат учесници во изборите.

Секторот за правни работи да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

**Точка 4**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**